# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>04.09.2010 год.<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 45 |
|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСНИЧКОТО ПРАВО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за отстапување на корисничко право на градежно земјиште , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.09.2010 год.

**Број 08-2273/3**
**03.09.2010 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид

(„Сл. гласник на  општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.09.2010 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност  за отстапување на**
**корисничкото право на градежно земјиште**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за отстапување на корисничкото право на Кп.бр. 15813/2, Кп.бр. 15827/2, Кп.бр. 15838 и Кп.бр. 15833/2 КО Охрид, а за “возобновување на Свети Климентовиот Универзитет на Плаошник “- Охрид, согласно изводот од ГУП бр. 10-711/2 од 24.03.2010 година, ЛУПД и Геодетски елаборат бр. 1216/34 од 15.04.2010 година, изработен од „Геопремер инжинеринг “.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Сл. гласник на општина Охрид “.

**Број  07- 2273/3**
**03.09.2010 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Ред.бр. | Име на одлука | страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за давање на согласност за отстапување на корисничкото право на градежноземјиште | 2 |


*e-mail: sovet@ohrid.gov.mk*